**Здружение за сексуални и родови малцинства**
**СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ Скопје**

**Финансиски извештаи**
**за годината што завршува на 31 декември, 2020**
**и**
**Извештај на независниот ревизор**

**Содржина:**

| | страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1-2 |
| Извештај за приходи и расходи | 3 |
| Извештај за финансиска позиција | 4 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 5 – 22 |

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

**До раководството на**
**Здружение за сексуални и родови малцинства**
**СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ Скопје**

Извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на Здружението за сексуални и родови малцинства СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ Скопје (во натамошниот текст: "Здружение",) кои се состојат од извештај за финансиската позиција на 31 декември, 2020 година и извештај за приходите и расходите за годината што тогаш завршува, и преглед на значајни сметководствени политики и останати објаснувачки информации.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*
Раководството е одговорно за подготовка и објективна презентација на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствената регулатива што се применува во Република Северна Македонија, како и за интерни контроли за кои раководството смета дека се потребни за да овозможат подготвување на финансиски извештаи без материјални грешки, како резултат на измами или грешки.

*Одговорност на ревизорите*
Наша одговорност е да дадеме миислење за овие финансиски извештаи врз основ на нашата ревизија.Ние ја спроведовме ревизијата во согласност со објавените македонски Меѓународни стандарди за ревизија и македонскиот Закон за ревизија.Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и спроведеме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумна сигурност за тоа дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка.При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Здружението со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои се соодветни на околностите, но не со цел за изразување мислење за ефективноста на интерната контрола на Здружението.Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и наразумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на сѐвкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*(Продолжува)*

Ревизија Чулева

Иван Аговски 1/2-1
1000 Скопје, Северна Македонија

Тел: 02 3094 014
office@revizijaculeva.com.mk
www.revizijaculeva.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

**До раководството на**
**Здружението за сексуални и родови малцинства**
**СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ Скопје**
**(Продолжение)**

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската позиција на Здружението за сексуални и родови малцинства СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ Скопје на 31 декември, 2020 година, како и финансискиот резултат за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствената регулатива што се применува во Република Северна Македонија, Законот за сметководство на непрофитните организации и Правилникот за непрофитни организации.

*Обрнување на внимание*

Здружението ги води и подготвува своите финансиски извештаи врз основ на модифицирано евидентирање на деловните промени и трансакции, во согласност со Законот за сметководство на не-профитните организации ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/03 со измените направени заклучно со бр.17/11) и Правилникот за не-профитни организации ("Службен весник на Република Македонија" бр.42/03 со измените заклучно со бр. 175/11.) Според одредбите на овој Закон, Здружението е обврзано да подготви и поднесе основни финансиски извештаи, што се состојат од Извештај за финансиска позиција, Извештај за приходи и расходи и белешки кон финансиските извештаи.Согласно наведеното, Здружението нема обврска да подготвува Извештај за готовинските текови.

**ТП РЕВИЗИЈА ЧУЛЕВА-Скопје**
**Соња Чулева**, *Управител*

**Соња Чулева**, *Овластен ревизор*

Sonja Chuleva
Digitally signed by Sonja Chuleva
Date: 2021.04.13 13:04:17 +02'00'

Скопје, 13 април, 2021 година

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**
**За годината што завршува на 31 декември, 2020**
**(Во Денари)**

| | Белешка | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од грантови (проекти) | 4 | 2,986,674 | 4,829,367 |
| Останати приходи | 5 | 735,045 | - |
| Финансиски приходи/(Расходи) | 9 | - | - |
| Пренесен дел на вишокот на приходите од предходна година | | 695,600 | 381,035 |
| | | **4,417,319** | **5,210,402** |
| **Трошоци** | | | |
| Трошоци за вработените | 6 | (2,811,792) | (2,830,069) |
| Оперативни трошоци | 7 | (781,757) | (1,664,325) |
| Капитални расходи | 8 | (42,998) | (20,408) |
| | | **(3,636,547)** | **(4,514,802)** |
| **Остварени приходи над расходи за годината** | | **780,772** | **695,600** |

*Придружните белешки на следните страни*
*претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.*

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од раководството на Здружението на 24 март, 2021 година.

Претседател,
**Антонио Михајлов**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА ПОЗИЦИЈА**
**На 31 декември, 2020**
**(Во Денари)**

| | Белешки | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Канцелариска опрема и мебел | 10 | **228,008** | **274,107** |
| **Тековни средства** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 11 | 777,626 | 696,341 |
| Останати краткорочни средства | 9 | 11,556 | 11,556 |
| **Вкупно тековни средства** | | **789,182** | **707,897** |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | | **1,017,190** | **982,004** |
| **ФОНДОВИ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Фондови** | | | |
| Деловен фонд | 10 | 228,008 | 274,107 |
| Вишок на остварени приходи над расходи | 13 | 780,772 | 695,600 |
| **Вкупно фондови** | | **1,008,780** | **969,707** |
| **Тековни обврски** | | | |
| **Обврски поврзани со добиените грантови** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 11 | 8,410 | 12,297 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **8,410** | **12,297** |
| **ВКУПНО ФОНДОВИ И ОБВРСКИ** | | **1,017,190** | **982,004** |

*Придружните белешки на следните страни претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.*

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од раководството на Здружението на 23 март, 2021 година.

Претседател,
**Антонио Михајлов**

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Здружението за сексуални и родови малцинства СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ Скопје ("Здружението") е основано како непрофитна организација на 23 јуни 2013 година и е регистрирано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија, односно во Регистерот на здруженија и фондации под ЕМБС број: 6878741.

**Седиште:** Бул. Кузман Јосифовски – Питу бр. 19/5-28 Аеродром,Скопје

***Претседател:*** Антонио Михајлов

***Основачи (сопственици)***
Антонио Михајлов,Скопје, Република Северна Македонија
Лука Иванов, Делчево, Република Северна Македонија

***Приоритетна дејниост***: 94.99. Дејности на други организации врз база на зачленување,неспомнати на друго место.

***Приоритетни цели на Здружението***
Главни приоритети и цели на Здружението се

- Промоција на критичен, креативен,квир,непатријалхален пристап кон родот и сексуалноста преку различни јавни, едукативни, институционални акции и дебати кои имаат за цел да и понудат на индивидуата поголем простор за лична идентификација или неидентификација во однос на родот и сексуалноста;
- Отворање на продуктивна, нехомофобична дебата за правата на луѓето кои не се идентификуваат со доминантните хетеронормативни вредности, како и за правата на ЛГБТИ луѓето;
- Креирање и застапување на политики и стратегии за создавање на поволна општествена и политичка клима за признавање на правата и статусот на луѓето кои не се идентификуваат со патријалхалните и хетеронормативни пристапи кон родот и сексуалноста, како и на ЛГБТИ луѓето;
- Мотивирање и соработка со важни субјекти и институции за приклучување во кампањата за еднакви права на луѓето со различен пристап кон родот и сексуалноста;
- Создавање на органска и организирана квир и ЛГБТИ заедница која би се мотивирала за активно учество во кампањата и борбата за еднакви права и која би работела кон поволна и послободна клима за пристап кон родот и сексуалноста;
- Едукација за покритичен пристап кон родот и сексуалноста, како и едукација за правата на квир и ЛГБТИ луѓето;
- Одржување на јавни кампањи за намалување на доминантноста на хетеронормативните и патријархални погледи кон родот и сексуалноста, како и кампањи за развивање на јавна свест која би се converted бореал против хетеросексизмот и хомофобијата.

На 31 декември, 2020 година во Здружението има 4 вработени (2019: 4 вработени.)

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)

### 1.1 Проекти реализирани во 2020/2019 година

### I. Излегување од невработеноста (11.2018 – 08.2019)

Еразмус+ проектот "Излегување од невработеноста" е поврзан со подигнување на капацитетот на младинските работници со цел да стекнат знаења и вештини, а исто така и да се зголеми нивната професионална компетентност во работењето на економското зајакнување на ЛГБТ популацијата преку развојот на социјалното претприемништво.
Учесниците на проектот се шест организации од Србија, Македонија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина и Шпанија, кои сакаат да ги споделат своите искуства и да ја подобрат економската положба на ЛГБТ лицата и на тој начин да обезбедат борба за нивните човекови права и одржливост на ЛГБТ Невладините организации на долг рок.
Еден од резултатите на проектот ќе биде "Прирачникот за развој на социјалното претприемништво", кој ќе обезбеди насоки за идните обучувачи и ќе им помогне да ги реализираат своите обуки, со што ќе се постигнат среднорочните и долгорочните цели на овој проект.

### II. Кон унапреден одговор на екстерните предизвици преку зајакната организациска структура (01.07.2018 – 30.06.2019)

Општата цел е да се придонесе кон унапредување на организацискиот одговор кон предизвиците од надворешното опкружување. Специфичната цел е да се зајакнат интерните организациски капацитети за унапредено справување со предизвиците од надворешното опкружување. Ова подразбира унапредување на интерните документи и процедури преку изработка на правилници и ревизија на постоечките документи за да се зајакнат организациските капацитети за соодветен одговор на предизвиците и потребите од надворешното опкружување, поточно унапредување на работата со клучните конституенти – ЛГБТИ луѓето во РМ, ЛГБТИ организациите, донаторите, медиумите и државните институции.
Резултати:
**Р.1. Унапредено финансиско работење на организацијата**
**Р.2. Унапредени работни односи во организацијата**
**Р.3. Унапредени стратегиски документи на организацијата**
Овој проект е поддршан од Македонскиот Центар за Меѓународна соработка преку нивната програма „Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓанските организации" поддржана од Европската Унија.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)

### 1.1 Проекти реализирани во 2020/2019 година (Продолжение)

#### III. Кон отворен пристап за ЛБТ жени во спортските игри (01.06.2018 – 31.05.2019)

Во Македонија, ЛБТ жените обично треба да ја кријат својата сексуална ориентација или родов идентитет доколку сакаат да учествуваат во спортските клубови. Како резултат на ова вклученоста во ЛБТ заедницата е многу мала и ЛБТ жените немаат простор и место каде што ќе можат да ги споделат своите проблеми и потреби и да добијат поддршка една од друга.
Субверзивен фронт ќе работи на овој проблем со воведување на ЛБТ кошаркарска група во склоп на својата организација и ќе ги изведе следните активности:

- Летен камп во август за 15 ЛБТ жени кои се страствени за спорт, посебно за кошакра;
- Неделни тернинзи отворени за сите ЛБТ жени;
- Натпревари со други ЛБТ тимови од Балканот (еден натпревар во Белград и еден натпревар во Подгорица);
- Онлајн кампања за да се зголеми видливоста за проблемите кои ЛБТ жените ги срееќаваат додека се занимаваат со професионален спорт.

Овој проект е поддржан од ПланетРомео фондацијата.
Датум: 01.06.2018 до 31.05.2019.

#### IV. Градење толеранција и разбирање за ЛГБТИ луѓето во македонското општество (12.2017 – 05.2019)

Главната идеја на проектот е да се заштитат правата на ЛГБТИ луѓето преку системот за социјална заштита и да се зајакнат капацитетите на стручњаците кои работат во овие институции. Едукативните активности кои се наменети за градење на капацитетите на вработените во центрите за социјална работа имаат за цел да создадат посензибилизиран пристап во обезбедувањето на социјалните услуги за моменталните и потенцијалните ЛГБТИ луѓе-баратели на социјална помош, додека интерактивниот метод кој ќе биде воведен соодветствува со добивање знаења, вештини, способности и компетенции за нудење на адекватна помош и помош насочена кон корисникот.
Организација – координатор на проектот: Субверзивен фронт, донатор: Американската Амбасада во Македонија.

#### V. Градење на капацитети на младински работници во областа на младинска работа со ЛГБТИ луѓе (01.10.2017 - 30.06.2019)

Основната идеја на проектот е да подготви и имплементира висококвалитетен и долгорочен образовен курс преку 4 обуки со цел да го поддржи професионалниот и личниот развој на младинските практичари и активисти во областа на развојната младинска работа во заедницата за ЛГБТИ лица.
Организација која го координира проектот: ЛГБ Младинска група за поддршка "COME OUT" од Нови Сад, Србија
Партнер организации се: Субверзивен фронт- Македонија, Хелсиншки комитет за човекови права - Македонија, Цуре - БиХ, ТОЦ - БиХ, Транспарент - Хрватска, Квир Монтенегро - Црна Гора, ЦСГД - Косово, Дејствие - Бугарија.
Времетраење: 01.10.2017 and 30.06.2019

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)

### 1.1 Проекти реализирани во 2020/2019 година (Продолжение)

### VI. Пристап до правда за ЛГБТИ лица во Западен Балкан (12.2018 – 11.2021)

Предложениот проект има за цел да одговори на долунаведените прашања и потреби со имплементирање на следните активности:

- Развивање и зајакнување на капацитетите на државните службеници од сите 15 министерства на македонската влада за недискриминација, говор на омраза и сензибилизација во работењето со лица од сексуалните и родовите малцинства,
- Развивање и зајакнување на капацитетите на вработените во јавниот сектор (здравствени работници, полициски службеници, судии, обвинители, адвокати, социјални работници, вработени во агенциите за вработување итн.) за недискриминација, говор на омраза и сензибилизација при работа со поединци од сексуални и родови малцинства,
- Развој на капацитети за спроведување, организирање и оценување на програми за обука за недискриминација и сензибилизација при работа со лица од сексуалните и родови малцинства на државните службеници и вработените во јавниот сектор,
- Развој на интерес, ентузијазам и посветеност меѓу државните службеници кои ќе ги водат кон преземање дејства во креирањето, усвојувањето и спроведувањето на Националната стратегија за сексуални и родови малцинства и Националниот акционен план за сексуални и родови малцинства во Македонија,
- Обезбедување услуги за директна поддршка на најмалку 100 лица од сексуалните и родови малцинства преку: ангажирање на заедницата, вклученост и интеракција,
- Бесплатна психосоцијална поддршка и советување со цел да се намалат негативните психосоцијални резултати на лицата од сексуалните и родови малцинства,
- Зголемување на свеста за правата на сексуалните и родови малцинства преку алатки и активности за подигнување на свеста,
- Бесплатна правна помош и советување со цел да се одговори на повредите на човековите права на лицата од сексуалните и родови малцинства.

Донатор на проектот е норвешкото Министерство за надворешни работи, а грантот е раководен од норвешкиот Хелсиншки комитет.
Датум на имплементација: 12.2018 до 11.2021.

### VII. Градење солидарност помеѓу Ромите и ЛГБТИ+ организациите во С. Македонија, Србија и Албанија (2019)

Во соработка со Civil Rights Defenders, Субверзивен фронт оваа година имплементираше неколку активности поврзани со рома ЛГБТИ лицата. Овие активности беа во склоп на поголем проект на CRD за градење солидарност помеѓу ЛГБТИ организациите и ромите во Македонија, Србија и Албанија.
Во склоп на овој проект Субверзивен фронт ги имплементираше следните активности:

- Се направи истражување за потребите на ЛГБТИ ромите во Македонија. Наодите се собраа преку одржување на фокус група и неколку интервјуа со рома ЛГБТИ лица. ЛГБТИ ромите исто така дадоа неколку идеа за нови активности за во иднина.
- Се организираше изложба со слики од рома ЛГБТИ лица. Сите слики претставуваа некое секојдневие на овие лица и секоја слика имаше своја приказна. Сликите беа изложени во просториите на Млади Хаб во времетраење од недела дена.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)

### 1.1 Проекти реализирани во 2020/2019 година (Продолжение)

**VIII. Млади артивисти за промена (12.2018 – 05.2021)**

Кон крајот на 2018 година С-фронт започна со имплементирање на проектот “Млади артивисти за промена” поддржан од Министерството за надворешни работи на Холандија, а го води организацијата Stichting Art.1. Партнери во овој проект има од Србија, Косово и Албанија. Секоја партнер организација има за цел да организира одредени активности поврзани со ЛГБТИ лицата и уметноста. Проектот трае до крајот на 2020 година. Активностите кои ги спроведува Субверзивен фронт се:

- Два тренинга за подкаст,
- Два тренинга за раскажување приказни (Сторителинг),
- Два тренинга за тренери во областа на ЛГБТИ активизмот.

**VIII. Слободни од родово базирана дискриминација: Учители и родители ЗАЕДНО (09.2019 – 08.2021)**

Проектот е подржан од програмата Еразмус+ и е со рок на имплементација од 2 години. Активностите ќе се спроведуваат во 4 земји (Велика Британија, Грција, Шпанија, Северна Македонија) и ќе вклучуваат 2 групи на учесници: наставници во основни и средни училишта и родители со деца кои одат во основно или средно училиште.

Специфични цели на проектот се:

- Да се градат капацитетите на наставниците и да се подигне свеста на родителите за родово базирана дискриминација и да се обезбедат средства за промена на училишните култури што придонесуваат за дискриминација на учениците.
- Воведување на иновативни методи и алатки за градење на капацитетите на наставниците и информирање на родителите за тоа како да се реагира на инциденти на родово базирана дискриминација.
- Да се промовира соработка и заеднички напори меѓу наставниците и родителите и да се изгради модел на соработка, користејќи разни заеднички активности.
- Намалување на психолошкото и едукативното влијание на родово базираната дискриминација врз учениците.
- Создавање поттик за образовните институти да го усвојат пристапот од проектот по затворањето на проектот.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)

### 1.1 Проекти реализирани во 2020/2019 година (Продолжение)

### IX. Зајакнување на ЛГБТИ+ роми и организации на граѓанското општество во Албанија, Северна Македонија и Србија (2020)

Проектот се осврнува на слабата видливост и свесност за прашањата и потребите на ЛГБТИ луѓето кои исто така се идентификуваат како Роми по етничко потекло, обезбедувајќи им простор и можности за нив да преземат акција што ќе ги оспособи кон зголемена побарувачка за слободно да ги остваруваат своите човечки права, но исто така и кон подобрено решавање на нивните прашања и потреби. Целни групи се ЛГБТИ ромите, потоа ромските граѓански организации и ЛГБТИ граѓанските организации.
Главните активности се: одржување состаноци со заедницата со ЛГБТИ Роми преку Интернет, собирање приказни за живеење на искуства на ЛГБТИ Роми, особено оние што јасно ја прикажуваат пресечната и повеќекратната дискриминација со кои се соочуваат и објавување на собраните стории преку кампања за социјални медиуми на нашите дигитални канали. Очекуваните резултати се ЛГБТИ лицата Роми кои имаат овластување да бараат слободно остварување на нивните човекови права, а активистите за права на Ромите и ЛГБТИ активистите се овластени да ги штитат, унапредуваат и почитуваат човековите права на ЛГБТИ лицата Роми.

### X. Стратешки и одржлив одговор на ЛГБТИ лицата во криза (07.2020 – 11.2020)

Проектот ќе има за цел да придонесе кон зголемена отпорност на ЛГБТИ заедницата под сегашната пандемија преку 3 цели:

- Да придонесе за зголемен пристап до услугите за ментално здравје на ЛГБТИ лицата, обезбедени од сензибилизирани и обучени психолози и психотерапевти преку започнување на национална линија за помош за ЛГБТИ лица, основана во партнерство со Министерството за труд и социјална политика и во соработка со обучени социјални работници/психолози од Центри за социјална работа, Здружение за социјални работници на Македонија, Институт Алтернатива, Комора на психолози итн.
- Да придонесе за зголемен пристап до ресурси, знаење, вештини и алатки за ЛГБТИ лицата во областа на едукација за човекови права за ЛГБТИ лица, техники и методи за адреса на социјална стигма, како и креативен активизам за ЛГБТИ правата и еднаквоста, овозможен преку вработување искусни и обучени адвокати, психолози, уметници и активисти,
- Да придонесе за овозможен пристап до храна и производи за лична хигиена за членовите на ЛГБТИ заедницата, особено ромските лица од ЛГБТИ заедницата - со оглед на нивната поголема изложеност на социо-економските последици од кризата КОВИД-19 во Северна Македонија.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)

### *1.1 Листа на донатори 2020/2019 година*

**I. Донатор: Европска комисија – Еразмус+ проект**
**Проект: "Излегување од невработеноста"**

**Организаија координатор: Асоцијација Дуга**
- Вкупен грант: 2930 евра
- Исплатено во 2019 година: 2930 евра

**Проект: "Градење на капацитети на младински работници во областа на младинска работа со ЛГБТИ луѓе"**
**Организација координатор: Изаџи Нови Сад**
- Вкупен грант: 17 575 евра
- Исплатено во 2019 година: 150 евра
- Исплатено во 2020 година: 3000 евра

**Проект: "Слободни од родово базирана дискриминација: Учители и родители ЗАЕДНО"**
**Организација координатор: IARS UK**
- Вкупен грант: 24 735 евра
- Исплатено во 2019 година: 4885 евра
- Исплатено во 2020 година: 9807 евра

**Проект: "Живи библиотеки"**
**Организација координатор: Хајде Да Србија**
- Вкупен грант: 1000 евра
- Исплатено во 2019 година: 1000 евра

**II. Донатор: Европска Унија**

**Проект: "Кон унапреден одговор на екстерните предизвици преку зајакната организациска структура"**
**Координатор: МЦМС – Скопје**
- Вкупен грант: 415 024 денари
- Исплатено во 2019 година: 71275 денари

**III. Донатор: PlanetRomeo Foundation – USA**

**Проект: Кон отворен пристап за ЛБТ жени во спортските игри**
**Координатор: Субверзивен фронт**
- Вкупен грант: 5 000 евра
- Исплатено во 2019 година: 500 евра

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)

### *1.1 Листа на донатори 2020/2019 година*

**IV. <u>Донатор: US Department of State</u>**

**Координатор: Американска Амбасада во Македонија**
**Проект: "Градење толеранција и разбирање за ЛГБТИ луѓето во македонското општество"**
- Вкупен грант: 25 000 долари
- Исплатено во 2019 година: 4998 долари

**V. <u>Донатор: Министерство за надворешни работи на Норвешка</u>**

**Организација координатор: Норвешки Хелсиншки Комитет**
**Проект: Пристап до правда за ЛГБТИ лица во Западен Балкан**
- Вкупен грант: 89 995 евра
- Исплатено во 2019 година: 30 772,58 евра
- Исплатено во 2020 година: 27 143 евра

**VI. <u>Донатор: Интер Прајд – УСА</u>**

**Проект: "Скопје Прајд"**
**Координатор: Субверзивен фронт**
- Вкупен грант: 650 долари
- Исплатено во 2019 година: 650 долари

**VII. <u>Донатор: Амбасада на Кралството Холандија во Македонија</u>**

**Проект: "Скопје Прајд"**
**Координатор: Субверзивен фронт**
- Вкупен грант: 425 591 денари
- Исплатено во 2019 година: 425 591 денари

**VIII. <u>Донатор: Совет на Европа</u>**

**Проект: "Скопје Прајд"**
**Координатор: Субверзивен фронт**
- Вкупен грант: 4149 евра
- Исплатено во 2019 година: 4149 евра

**Проект: "Стратешки и одржлив одговор на ЛГБТИ лицата во криза"**
**Координатор: Субверзивен фронт**
- Вкупен грант: 5000 евра
- Исплатено во 2020 година: 4000 евра

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)

### *1.1 Листа на донатори 2020/2019 година*

**IX. Донатор: Civil Rights Defenders – Sweden**

**Проект: “Градење солидарност помеѓу Ромите и ЛГБТИ+ организациите во С. Македонија, Србија и Албанија”**
**Координатор: Субверзивен фронт**

- Вкупен грант: 47026 SEK
- Исплатено во 2019 година: 47026 SEK

**Проект: “Ојачување на ЛГБТИ+ роми и организации на граѓанското општество во Албанија, Северна Македонија и Србија”**
**Координатор: Субверзивен фронт**

- Вкупен грант: 39057,07 SEK
- Исплатено во 2020 година: 39057,07 SEK

**X. Донатор: Министерство за надворешни работи на Холандија**

**Организација координатор: Stichting Art 1 од Холандија**
**Проект: “Млади артивисти за промена”**

- Вкупен грант – 13462 евра
- Исплатено во 2019 – 9338 Евра
- Исплатено во 2020 – 997 Евра

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИНАНСИОСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 2.1 Основи за подготовка

Финансиските извештаи на Здружението се подготвени во согласност со Законот за сметководство на не-профитните организации објавен во Република Северна Македонија, со цел да обезбедат вистинско и објективно презентирање на позициите во билансот на состојба, салдата на средства, обврски, извори на средства, приходи и расходи и резултати од оперативното работење.
Финансиските извештаи на Здружението се подготвени во согласностс со законската регулатива објавена во Република Северна Македонија апликативна за работењето на непрофитните организации, Законот за сметководство на непрофитните организации (“Службен весник на Република Македонија” бр.24/03 со пратечките измени објавени заклучно со бр. 17/11) и Правилникот за не-профитни организации (“Службен весник на Република Македонија” бр. 42/03 со измените објавени во бр. 175/11.)

Финансиските извештаи на Здружението се искажани во македонски Денари (“МКД.”)

Сите износи во финансиските извештаи и прдружните белешки се искажани во Денари, освен доколку не е поинаку кажано.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Сметководствените политики применети во подготовката на овие финансиски извештаи се прикажани во натамошниот текст на овој извештај. Здружението задолжително ги применува овие политики на конзистентна основа.

### 3.1 Признавање на приходите и расходите

Признавањето на приходите и расходите е утврдено со член 13 од Законот за сметководство на непрофитни организации ("Службен весник на Република Македонија"бр. 24/03, 80/05, 17/11) и член 18 од Правилникот за непрофитни организации ("Службен весник на Република Македонија"бр.42/03, 11/06, 08/09, 11/09 и 175/11) според кое признавањето на приходите и расходите се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции.Тоа значи дека приходите и расходите се признаваат во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на расположивост. Приходите и расходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите и расходите се расположиви кога се остварени (наплатени / платени) во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов да се однесуваат на пресметковниот период и да служат како покритие на побарувањата/обврските во тој пресметковен период. Признавањето се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

***Останати приходи (Приходи од давање на услуги)***
Приходот од давање на услуги се признава за време на периодот во кој корисниците платиле за добиените услуги.

### 3.2 Трансакции во странски валути

Трансакциите деноминирани во странски валути се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија, кои важат на денот на трансакцијата.
Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажуваат со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составување на Билансот на финансиска позиција.
Нето износот на позитивните и негативните курсни разлики се искажуваат во Извештајот за приходи и расходи во периодот кога настанале.

### 3.3 Оданочување

Во согласност со одредбите на Законот за данок на добивка, не-профитните организации се иземени од плаќање данок на приходите генерирани од добиени членарини, спонзорства и донации, кои се добиени и се наменети за остварување на однапред утврдени цели.
Тековен данок на добивка се плаќа само на приходи генерирани од самостојно работење, при што се плаќа 1% данок на износ на остварен приход од самостојна дејност над износот од Ден 1,000 илјади.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 3.4 Опрема и софтвер

Опремата и софтверот, доколку ги има, се евидентираат по набавна вредност.Набавната вредност се состои од фактурна вредност големена за износот на царини, транспорт, шпедиција, осигурување и тн, односно од трошоци кои директно се однесуваат на набавната вредност на односното средство. Вредноста на средството во моментот на набавка се евидентира како трошок во Билансот на приходи и расходи (ако се купени со сопствени средства) и како зголемување на Деловниот фонд.
Материјалните и нематеријалните средства се депрецираат со праволиниски стапки, во еднакви месечни износи кои одговараат на употребниот век на користење на средството.Износот на амортизацијата за донираните средства се евидентира преку намалување на Деловниот фонд.

Годишни стапки на депрецијација:

| | |
|---|---|
| Опрема | 10%-20% |
| Мебел | 16% |

### 3.5 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од пари во банка и пари во благајна.

Парите во благајна и парите на банкарски сметки во Денар, се водат по номинална вредност, а парите во странска валута се претвораат во денари според според курсот кој важи на денот на трансакцијата утврден од страна на Народна Банка на Република Северна Македонијана денот на известување.

### 3.6 Обврски кон добавувачи и други обврски

Обврските кон добавувачи и другите обврски се водат според нивната објективна вредност на денот на нивното инизијално признавање, а потоа се мерат според амортизираните трошоци.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 4. ПРИХОДИ ОД ГРАНТОВИ (ПРОЕКТИ)

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | 31 декември, | |
| | 2020 | 2019 |
| Приходи од Грантови (проекти 1.1 и 1.2) | 2,986,674 | 4,829,367 |
| | **2,986,674** | **4,829,367** |

## 5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | 31 декември, | |
| | 2020 | 2019 |
| Останати приходи | 698,738 | 381,035 |
| Приходи од минати години | 36,307 | - |
| | **735,045** | **381,035** |

## 6. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | 2020 | 2019 |
| Бруто плати и надоместоци | 2,716,150 | 2,497,441 |
| Дневици за службени патувања | 95,642 | 332,628 |
| | **2,811,792** | **2,830,069** |

Во вкупните трошоци за вработените се вклучени и исплати за лица ангажирани како надворешни соработници.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 7. ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | **на 31 декември,** | |
| | **2020** | **2019** |
| Канцелариски материјали | 144,185 | 130,387 |
| Енергија (струја & гориво) | 45,875 | 48,997 |
| Разни услуги од оперативно работење | 32,525 | 108,976 |
| Реклама и пропаганда | - | - |
| Репрезентација | 15,274 | 13,415 |
| Наемнина | 204,180 | 247,017 |
| Пошта, телефони | 23,954 | 5,759 |
| Други материјални расходи | 164,371 | 579,731 |
| Провизија за платен промет | 39,265 | 42,397 |
| Трошоци за интелектуални и други услуги | 112,128 | 487,646 |
| | **781,757** | **1,664,325** |

## 8. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | **на 31 декември,** | |
| | **2020** | **2019** |
| Капитални расходи за набавена компјутерска опрема и останати | 42,998 | 20,408 |
| | **42,998** | **20,408** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 9. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (РАСХОДИ)-нето

| | Во Денари на 31 декември, 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Приходи од камати | - | - |
| Расходи за камати | - | - |
| Приходи од курсни разлики | - | - |
| Расходи од курсни разлики | - | - |
| | - | - |

## 10. КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА И МЕБЕЛ

| | Во Денари на 31 декември, 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Почетно салдо на 1.1. | 274,107 | 333,218 |
| Ефект од ревалоризација на целосно амортизирани средства што сèуште се употребуваат | - | - |
| Нови набавки | 42,998 | 20,408 |
| Тековна амортизација | (89,097) | (79,519) |
| | **228,008** | **274,107** |

## 11. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | Во Денари на 31 декември, 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Парични средства во банки | 775,711 | 694,207 |
| Парични бонови за бензин | 1,915 | 2,134 |
| | **777,626** | **696,341** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 12. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | На 31 декември, | |
| | **2020** | **2019** |
| Побарувања за платени аванси | - | - |
| Останати побарувања-повеќе платен ПД | 11,556 | 11,556 |
| | **11,556** | **11,556** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 13. ДЕЛОВЕН ФОНД & ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ (Во Денари)

| | Деловен Фонд | Вишок на приходи над расходи | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **На 1 јануари,2019 година** | **333,218** | **381,035** | **714,253** |
| Зголемување (набавка опрема) | 20,408 | - | 20,408 |
| Тековна депрецијација/амортизација | (79,519) | - | (79,519) |
| Потрошен вишок приходи во 2019 | - | (381,035) | (381,035) |
| Вишок на приходи над расходи за 2019 | - | 695,600 | 695,600 |
| **Деловен фонд и вишок приходи над расходи на 31 декември, 2019** | **274,107** | **695,600** | **969,707** |
| **На 1 јануари, 2020 година** | **274,107** | **695,600** | **969,707** |
| Зголемување (набавка опрема) | 42,998 | - | 42,998 |
| Тековна депрецијација/амортизација | (89,097) | - | (89,097) |
| Потрошен вишок приходи во 2020 | - | (695,600) | (695,600) |
| Вишок на приходи над расходи во 2020 | - | 780,772 | 780,772 |
| **Деловен фонд и вишок приходи над расходи на 31 декември, 2020 година** | **228,008** | **780,772** | **1,008,780** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2020**

## 14. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | **2020** | **2019** |
| Обврски кон добавувачи | - | - |
| Обврски кон вработени | - | - |
| Останати обврски - ПВР | 8,410 | 12,297 |
| | **8,410** | **12,297** |

## 15. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви употребени за деноминација на 31 декември 2020 и 2019 година се следни:

| | **31 декември, 2020** | **31 декември, 2019** |
|---|---|---|
| EUR | 61,6940 | 61,4856 |
| USD | 50,2353 | 54,9518 |